Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО

1 ЈАНУАРИ - 31 ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА

декември 2016 год.

## НАКРАТКО

2016 година е дванаесетта година во работењето на нашата организација и четврта од спроведувањето на тековната петгодишна стратегија за работењето (2013-2017). И годинава продолжи динамичното работење од претходните години, за што зборуваат следниве сумирани резултати:

» спроведени се 25 истражувања;
» мониторирани се 356 тендери;
» организирани се и спроведени 17 обуки;
» организирани се 8 работилници, конференции и дебати;
» обучени се 330 микропретпријатија, новинари и претставници на граѓански организации;
» издадени се 9 публикации (извештаи, анализи и брифови) во 2350 примероци;
» извештаите, препораките, истражувањата и прирачниците на ЦГК се преземени повеќе од 14 000 пати од интернет страницата www.ccc.org.mk;
» препорачани се стотина конкретни мерки за потранспарентно работење и за намалување на просторот за корупција;
» остварена е директна соработка со повеќе од 40 општини и 300 локални државни институции од целата земја;
» 2 регионални центри во Велес и во Штип за поддршка на микропретпријатијата секојдневно им помагаат на повеќе од 360 микропретпријатија од целата земја полесно да настапуваат на пазарот на јавните набавки;
» објавени се повеќе од 170 новинарски текстови врз основа на нашите активности и резултатите од нивното спроведување во голем број медиуми во земјава;
» резултатите и препораките од мониторингот на јавни набавки се преземени и цитирани во извештаи на неколку меѓународни организации (ЕУ, СИГМА и др.).

Во 2016 година продолжи редовниот мониторинг на јавните набавки во земјава, со укажување на слабостите и проблемите во системот на јавни набавки и со предлагање мерки за намалување на можностите за злоупотреби и на просторот за корупција, а во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество.

Докажаната методологија според која ЦГК веќе осум години го спроведува мониторингот на јавните набавки, претставува основа за спроведување на слични активности на регионално ниво, односно во рамките на проектот за мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан, кандидатки за членство во ЕУ.

Во рамките на делувањето на полето на јавните набавки, ЦГК ги интензивираше активностите за олеснување на пристапот на малите и микропретпријатијата до јавните набавки, како предуслов за заживување на локалниот економски развој

во земјата, но и во насока на препораките на Европската Унија за преземање вакви мерки во земјите членки, но и кандидатки за членство во ЕУ.

Во другата главна област на делување – полето на унапредување на капацитетите на новинарите и медиумите, во 2016 година продолжија значајни активности за зајакнување на истражувачкото новинарство и соработката меѓу медиумите и невладините организации во остварување на нивната заедничка општествена улога. Продолжи и редовното асистирање на новинарите во остварувањето на нивното право за слободен пристап до информациите од јавен карактер како алатка за поквалитетно информирање на граѓаните. Во овие рамки, ЦГК спроведува серија истражувања за важни појави, прашања и области кои се изработуваат во рамките на Програмата на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија а ќе се објавуваат на интернет страницата www.prizma.mk за натамошно користење на новинарите и невладините организации. Исто така, стана функционален и новиот веб-портал **www.opendata.mk** каде се објавуваат истражувања и бази на податоци на ЦГК главно од областа на трошењето на јавни пари – на начин и со приказ кој е подостапен и поразбирлив за граѓаните. Податоците се во отворен формат кој овозможува нивна натамошна употреба.

Во 2016 година продолжи да се остварува тригодишната програма (2015-2018) за чие спроведување ЦГК доби институционална поддршка во рамките на програмата „Цивика Мобилитас“ која е финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а која ја спроведуваат НИРАС, Македонскиот центар за меѓународна соработка и СИПУ. Станува збор за поддршка на процесот на институционален развој на организацијата врз основа на самооценката и предложените патокази за организациска трансформација во текот на наредните три години.

Активностите на ЦГК во 2016 година се спроведуваа во рамките на пет проекти, финансиски поддржани од: УСАИД Македонија, Европската Унија и Швајцарската агенција за развој и соработка, а кои се спроведуваат во партнерство со десетина невладини организации од земјата, регионот и ЕУ.

Подетални информации за проектите, донаторите, партнерите, спроведувањето, активностите, резултатите и постигнувањата можат да се добијат на **www.ccc.org.mk**, **www.zanabavki.mk**, **www.freeinfo.mk** и **www.balkantenderwatch.eu**.

**ВИЗИЈА НА ЦГК**

Центарот за граѓански комуникации е докажан општествен чинител во демократизацијата на македонското општество, транспарентното и одговорно владеење и подоброто информирање на граѓаните.

**МИСИЈА НА ЦГК**

Центарот за граѓански комуникации ја развива и ја подобрува комуникацијата помеѓу сите општествени фактори во Македонија за процесите од пошироко значење. Ги мониторира, ги анализира и ги јакне општествените процеси во земјата и во регионот во делот на антикорупцијата и доброто владеење, медиумите и економскиот развој.

## ЗА НАС

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) е основан во април 2005 година како невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани. Мисија на ЦГК е да ја развива и да ја подобрува комуникацијата помеѓу сите општествени фактори во Македонија и нивната информираност за процесите од пошироко значење. ЦГК ги мониторира, ги анализира и ги јакне општествените процеси во земјата и во регионот во делот на транспарентноста, антикорупцијата, доброто владеење, медиумите и економскиот развој.

Во своето досегашно дејствување, ЦГК ја фокусира својата работа врз две групи од меѓусебно поврзани активности: (1) мониторинг на државните институции и врз основа на тоа, препорачување мерки и политики за унапредување на работењето и за намалување на просторот за корупција и (2) унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите и на невладините организации во борбата против корупцијата.

Во оваа насока, ЦГК досега има изработено и предложено неколку стотини конкретни препораки за преземање мерки за унапредување на регулативата и практиката во насока на потранспарентно, поотчетно и поодговорно работење на централната и на локалната власт, има обучено повеќе од петстотини новинари од националните и од локалните медиуми и претставници на граѓански организации и има објавено педесетина истражувања и прирачници..

Претставници на ЦГК редовно учествуваат на работилници и во експертски групи за креирање стратегии и мерки за борба против корупцијата и за други прашања од областите на делување на ЦГК.

Активностите на ЦГК се, пред сè, насочени кон вработените во државните институции и органи на централно и на локално ниво, кон новинарите, бизнисмените и нивните здруженија, кон претставниците на невладините организации, како и кон граѓаните на локално и на централно ниво, како крајни корисници на делувањето на организацијата.

Персоналот на ЦГК во 2016 година броеше деветмина вработени и неколку постојани соработници – експерти од сферите на делување на ЦГК, а редовно се соработува и со други експерти (домашни, регионални и меѓународни). ЦГК има отворено и два регионални центри во Велес и во Штип за поддршка на микропретпријатијата, во соработка со локални партнерски организации.

Органите на управувањето и раководењето на ЦГК ги вклучуваат Собранието на здружението, Извршниот одбор и претседателот на здружението.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И ОСТВАРУВАЊА

Мониторинг на јавните набавки (2008-2016), финансиски поддржан од УСАИД Македонија во рамките на Проектот за граѓанско општество, во партнерство со ФООМ.

***Преку директно следење на јавните набавки се детектираат основните слабости во спроведувањето на тендерите и се препорачуваат конкретни мерки за надминување на проблемите, на нерационалното трошење на јавните пари и за стеснување на просторот за корупција.***

Во текот на 2016 година:

- Директно се мониторирани 356 тендери спроведени од државни институции на национално и на локално ниво;
- Објавени се пет извештаи од мониторингот на јавните набавки со преглед на состојбата, детектирани слабости и простор за злоупотреба и корупција во јавните набавки;
- Препорачани се стотина конкретни мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки во земјава, било за промени во регулативата или за начинот на спроведувањето на јавните набавки;
- Индексот на рационалност, во кој се споредуваат цените по кои различни институции купуваат сосема ист производ или услуга, е изработен за 10 производи/услуги, при што се споредени цените на стотина државни институции, при што се детектирани значајни отстапувања во цените укажуваат на потребата од порационално трошење на јавните пари преку поефикасни набавки, поголемо истражување на пазарот и поголема соработка и комуникација меѓу државните институции;
- Изработени се две анализи на жалбените постапки во јавните набавки;
- Спроведено е истражување меѓу 230 фирми-учеснички во јавните набавки за нивното искуство, проблемите со кои што се соочуваат и предлози за подобрување на начинот на спроведување на тендерите;
- Изработен е и пуштен во употреба веб-порталот opendata.mk како платформа на која се објавуваат истражувањата и базите на податоци изработени од ЦГК, со цел да бидат подостапни и полесно разбрани од поширок круг граѓани.

Проект на УСАИД за пристап на микропретпријатијата до јавните набавки (2012-2017), финансиски поддржан од УСАИД Македонија, а спроведуван во партнерство со фондацијата „Фокус" од Велес и здружението „ЕХО" од Штип.

***Преку олеснување на влезот и учеството на микропретпријатијата на пазарот на јавни набавки, се придонесува кон нивен поодржлив развој и подобро искористување на потенцијалите за создавање работни места, раст и иновации.***

Во текот на 2016 година се спроведени следниве, позначајни активности:

- На дневна основа се асистираат 366 микропретпријатија од сите осум региони во земјава за учество во постапките за јавни набавки (31% од претпријатијата се управувани или во сопственост на жени).
- Обучени се 255 претставници на микропретпријатија преку 13 обуки за учество на јавните набавки.
- Одржани се низа работилници и работни средби со стотина претставници на договорни органи од цела Македонија за мерките што треба да се преземат за поголемо учество на микропретпријатијата во јавните набавки, како и за унапредување на нивните знаења за откривање на незаконското договарање меѓу фирмите и за здружување.
- Изработен е и дистрибуиран до повеќе од 300 микропретпријатија од целата земја специјален Прирачник за учество на електронските постапки за јавни набавки – со цел полесно и поуспешно да настапуваат на е-тендерите како нова обврска во системот на јавни набавки.
- На специјалната интернет страница www.zanabavki.mk објавени се повеќе од 6000 планирани годишни набавки групирани според дејности на речиси 400 локални институции од сите општини во земјава, а прибрани преку правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.
- За полесно снаоѓање на микропретпријатијата, на едно место, на сајтот www.zanabavki.mk на дневна основа се ре-објавени повеќе од 8000 огласи за јавни набавки на сите локални институции.
- www.zanabavki.mk има повеќе од 3000 посети од 2000 корисници.
- Објавен е, јавно дискутиран и дистрибуиран Бриф за јавни политики со анализа на состојбата и препораки за унапредување на спроведувањето на јавните набавки во земјата, како основа за идни измени во оваа област.

Кон ефикасни механизми за јавни набавки кај (потенцијалните) земји кандидатки за членство во ЕУ (2013-2016), регионален ИПА проект финансиски поддржан од ЕУ, се спроведува во партнерство пет невладини организации од Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Словачка.

***Засилување на притисокот од граѓанското општество врз владите на Западниот Балкан да ги елиминираат слабостите во процесот на создавањето ефикасен систем на јавни набавки и да бидат одговорни при трошењето на јавните пари и воспоставување комуникација со засегнатите страни и јавноста со цел да се зголеми разбирањето за барањата и условите на ЕУ во сферата на јавните набавки.***

Во текот на 2016 година:

- » Изработена е детална компаративна анализа на студии на случаи од мониторинг на јавните набавки во земјите од Западен Балкан (потенцијални) кандидатки за членство во ЕУ (Македонија, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина).
- » Изработено е ревидирано издание на анализата за обемот на јавните набавки, законската и институционалната рамка, проценка на ризиците од корупција, препораки за унапредување и споредба со практиките во земји-членки на ЕУ за секоја од земјите-учеснички во проектот.
- » Изработен е т.н. Извештај во сенка за состојбите во јавните набавки, со препораки за мерки што треба да се преземат за унапредување на ефикасноста во јавните набавки.
- » Десетина претставници на државни институции, граѓански организации и медиуми разменија мислења и искуства со стотина нивни колеги од земјите од регионот на Западниот Балкан за следење и контрола на целисходноста во јавните набавки на регионалните конференции во Белград, Србија и Сараево, Босна и Херцеговина.
- » Повеќе од 70 учесници дискутираа за улогата на граѓанските организации во детекција на ризиците од корупција во јавните трошења, на организираната меѓународна конференција како заедничка активност со Македонскиот центар за меѓународна соработка, односно на регионалната коалиција Балкан Тендер Воч и македонската Платформа на невладини организации за борба против корупцијата.
- » 40-тина претставници на локални институции дискутираа за проблемите во јавните набавки и нудеа предлози за унапредување на состојбата на трите работилници организирани во Охрид, Велес и Струмица.
- » Објавен е во електронско издание на македонски јазик Прирачникот за следење и контрола на целисходноста во јавните набавки, како практично помагало и за претставниците на јавните институции, но и за новинарите и невладините организации.

Проект за истражувачко новинарство и соработка помеѓу медиумите и граѓанскиот сектор, Програма на УСАИД за зајакнување на независните медиуми во Македонија (2013-2016), спроведуван во партнерство со БИРН Македонија (како носител) и емисијата КОД.

***Подобрување на соработката меѓу новинарите и граѓанскиот сектор преку заеднички дебати и работилници и придонес кон понезависни истражувачки новинарски приказни преку обезбедување грантови и менторство за истражувачките новинари.***

Во текот на 2016 година:

- Спроведени се следниве истражувања, врз чија основа се изработени анализи и бази на податоци:
    - Рангирање на градови според степенот на здравствена заштита;
    - Буџети, плати и инвестиции на општините во 2016 година;
    - Од кого купувале струја јавните претпријатија;
    - Носители на концесии на минерални суровини;
    - Финансиски резултати на јавните претпријатија во 2015 година;
    - База на податоци за итните договори за јавни набавки за периодот 2013-2015 година;
    - База на податоци за анексите на договорите за јавни набавки за периодот 2013-2015 година;
    - Возила купени од државните институции во периодот 2013-2015 година;
    - Трошоци за зимско одржување за сезоната 2015/2016;
    - Трошоци за новогодишното украсување за новата 2016 година;
    - База на податоци со сите тендери на сите општини во 2015 год.;
    - База на податоци за долговите на сите здравствени институции за периодот 2011-2016 година;
    - Трошоци за новогодишно украсување за новата 2017 година и
    - Вработувања во државните претпријатија за периодот 2010-2016 година.

Истражувачко новинарство за поттикнување реформи – Проект финансиран од ЕУ преку програмата Civil Society Facility and Media Freedom Actions 2014 (2016-2019)

***Создавање на јадро од добро обучени истражувачки новинари, како и мрежа од локални граѓански организации од земјата кои преку нивната работа и во соработка со новинарите ќе придонесат кон подобрување на истражувачкото новинарско известување и кон подобро информирана јавност.***

Во текот на 2016 година:

- Обучени се за напреднати техники на истражувачко новинарство 54 новинари од 32 медиуми, на национално и на локално ниво;
- Спроведен е мониторинг на десет медиуми за обемот и квалитетот на истражувачки и аналитички текстови, чии наоди се дискутирани со четириесетина претставници на засегнатите страни од што произлегоа препораки за поголемо присуство и поквалитетни истражувачки текстови;
- Анкетирани се околу 90 невладини организации и новинари за детектирање на податоците што им се потребни за унапредување на нивното работење, а ќе бидат обезбедени во рамките на идните проектни активности;
- Дваесетина претставници на граѓанските организации и медиумите од полошкиот регион разменија мислења и утврдија насоки за поголема меѓусебна соработка, на првата од низата од осум работилници за подобрување на соработката меѓу граѓанските организации и новинарите на локално ниво.